Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НПМ) на 25.01.2013 година спроведе ненајавена последователна посета на ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми Скопје.

Целта на последователната посета е следење над спроведувањето на препораките од посебниот извештај на НПМ од 2012 година и идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Посетата на ЈУ за згрижување деца се спроведе во неколку чекори. Тимот на НПМ спроведе разговор со лицето (правникот) надлежен на смена во делот на директниот надзор, а потоа спроведе увид во сместувачките капацитети, заедничките простории, санитарните јазли, тушевите и друго. Воедно Националниот превентивен механизам спроведе увид и во соодветната документација, како и во индивидуалните планови на штитениците.

НПМ спроведе таргетирана посета која се фокусираше на неколку негативни констатации од посебниот извештај од 2012 година и проверка над спроведувањето на дадените препораки за подобрување на состојбите и елиминирање на недостатоците и ризиците кои би можеле да доведат до тортура или друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

НПМ при последователната посета утврди дека препораките на Народниот правобранител како национален превентивен механизам доставени по посетата остварена во февруари 2012 до ЈУ и МТСП беа спроведени или делумно спроведени. При последователната посета беше утврдено дека најголемиот дел на одделенијата беа реновирани како што се одделот за обсервација, првото и второто машко одделение и мешаното одделение и кај истите беа поставени нови врати и прозорци, кревети и сл.

Во однос на одржувањето на хигиената НПМ во првиот извештај доставен до ЈУ даде препорака да се зајакне контролата во овој сегмент, како и организирање на дополнителни едукативни работилници за основни животни вештини. Меѓутоа иако од страна на управата на установата НПМ доби одговор дека се одржани неколку едукативни работилници во насока на одржувањето на хигиената, сепак во неколку сместувачки групи, а особено во Тренинг групата беше забележано дека хигиената во истата е на незадоволително ниво. Во истиот оддел беше увидено дека хигиенските навики на малолетните лица сместени во овој оддел се на пониско ниво и НПМ смета дека е потребно нивно понатамошно едуцирање за важноста од континуирано одржување на хигиената.

Во делот на можни појави на насилство меѓу штитениците, НПМ претходно побара од управата поголем надзор и воспоставување на протоколи за превенција и спречување на насилство меѓу малолетниците сместени во Установата, како и воедно сите случаи на физичко насилство меѓу децата и случаи на самоповредување да бидат нотирани во посебен регистар/книга. При последователната посета беше утврдено дека во ЈУ сеуште не се води посебен регистар во кои ќе бидат нотирани случаите на физичко насилство меѓу децата и случаи на самоповредување со што НПМ тимот заклучи дека препораката за водење на посебни регистри не е спроведена. Исто така НПМ констатираше дека согласно добиениот одговор од страна на управата се изготвуваат интерни процедури и упатства за основните работни процедури, но сеуште не се водат протоколи за превенција и спречување на насилство меѓу штитениците сместени во оваа установа.

При последователната посета во ЈУ, НПМ тимот при увидот во списокот на воспитаници утврди дека во ЈУ за згрижување деца со воспитно –социјални проблеми и понатаму, а спротивно на препораката на НПМ, продолжуваат да се упатуваат и згрижуваат малолетни лица сторители на кривични дела (од 14 до 18 години) или деца сторители на дејствија кои во законот се предвидени како кривични дела. Во насока на намалување на можноста од негативно влијание и ширење на кримоногена инфекција, НПМ од МТСП бара во ЈУ да се згрижуваат исклучиво малолетни лица со воспитно социјални проблеми.

Во делот на здраствената заштита, а при разговор со социјалниот работник НПМ доби информација дека пропустот со доцнењето на сините картони од матичните центри за социјална работа е надминат (со исклучок од одредени социјални матични центри), имено сините картони од матичните центри за социјална работа навремено ги доставуваат до ЈУ се со цел здравствената заштита на истите лица навремено и во целост да се остварува. Меѓутоа се случува од надворешните центри (надвор од Скопје) сините картони да задоцнаат 15 до 20 дена. НПМ смета дека МТСП заедно со ЦСР треба да изнаоѓаат конечно решение, се со цел навремено и без одложување да се укажува лекарска грижа на малолетните лица.

Како резултат на реализираната последователна посета Националниот превентивен механизам подготви извештај во кој ги констатираше состојбите и даде соодветни препораки до ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми Скопје, како и до Министерството за труд и социјална политика со цел да се елиминираат недостатоците и ризиците.